РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА - REPUBLIKA E MAQEDONISË SË VERIUT
ЈАВНО ПРЕТПРИЈАТИЕ ЗА ДРЖАВНИ ПАТИШТА
NDËRMARRJA PUBLIKE PËR RRUGË SHTETËRORE
Бр.-Nr. 02-1116/1
22-10 2020 год.-viti
СКОПЈЕ - SHKUP

# ЈАВНО ПРЕТПРИЈАТИЕ ЗА ДРЖАВНИ ПАТИШТА

## Извештај за финансиското работење на претпријатието во третиот квартал од 2020 година



Скопје, 2020

# СОДРЖИНА

I. Општи информации

II. Табеларен приказ на тримесечен финансиски извештај за III квартал 2020

III. Остварени приходи III квартал 2020

IV. Остварени расходи III квартал 2020

V. Биланс на состојба III квартал 2020

VI. Биланс на успех III квартал 2020

VII. Табела специфицирани приходи III квартал 2020

VIII. Табела специфицирани расходи III квартал 2020

IX. Извештај за реализирана инвестициона програма III квартал 2020

# ВОВЕД

Овој извештај се изготвува согласно член 5 од Законот за јавните претпријатија и се однесува за периодот VII-IX-2020 година. Извештајот се доставува до Владата на Република Северна Македонија, како основач на Јавното претпријатие за државни патишта (ЈПДП). Во извештајот е прикажана реализацијата на приходите, расходите и инвестициите во третиот квартал од 2020 година. Извршена е споредба на нивната реализација во однос на реализацијата во истиот период од 2019 година.

# I. ОПШТИ ИНФОРМАЦИИ

Јавното Претпријатие за државни патишта е основано на 03.01.2013 година со Одлука за основање број 41-10147/1 од 28.12.2012 донесена од Владата на Република Македонија. Претпријатието е правен следбеник на Агенцијата за државни патишта Скопје.

Во периодот јули - септември 2020 година Јавното Претпријатие за државни патишта реализираше задачи утврдени со Програмата за изградба, рехабилитација, реконструкција, одржување и заштита на државните патишта, при што ги оствари следните активности и соодветни финансиски резултати:

## II. Тримесечен финансиски извештај за работењето на ЈП за државни патишта за периодот јули - септември 2020 година

| Ред .бр. | Опис | План 2020 | Остварено 2020 | Остварено 2019 | Структурна анализа 2020 | Споредбена анализа (остварено 2020/план 2020) | Споредбена анализа (остварено 2020/остварено 2019) | Образложение/забелешка |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| 1 | **ВКУПНИ ПРИХОДИ :** | **8.204.000.000** | **2.972.467.274** | **2.297.586.861** | **100,00%** | **36,23** | **129,37%** | |
| 1.1 | Приходи од патарина | 3.000.000.000 | 600.672.725 | 870.518.128 | 20,21% | 20,02 | 69,00% | |
| 1.2 | Приходи од регистрација | 1.650.000.000 | 490.577.106 | 479.327.741 | 16,50% | 29,73 | 102,35% | |
| 1.3 | Други приходи | 43.000.000 | 15.731.339 | 8.397.039 | 0,53% | 36,58 | 187,34% | |
| 1.4 | Дел од акциза од нафтени деривати | 3.100.000.000 | 838.388.980 | 896.366.847 | 28,21% | 27,04 | 93,53% | |
| 1.5 | Приходи од камати,пресметани позитивни курсни разлики и останати долгорочни вложувања | 411.000.000 | 1.027.097.124 | 42.977.106 | 34,55% | 249,90 | 2389,87% | |
| 2 | **ВКУПНИ РАСХОДИ:** | **5.743.800.000** | **950.528.235** | **1.876.614.530** | **100,00%** | **16,55** | **50,65%** | |
| 2.1 | Трошоци суровини и материјали | 69.000.000 | 20.334.968 | 16.673.925 | 2,14% | 29,47 | 121,96% | |
| 2.2 | Услуги со карактер на материјални трошоци | 1.264.800.000 | 223.359.193 | 195.290.127 | 23,50% | 17,66 | 114,37% | |
| 2.3. | Останати трошоци од работењето | 360.000.000 | 164.574.398 | 30.971.767 | 17,31% | 45,72 | 531,37% | |
| 2.4 | Амортизација | 1.700.000.000 | 478.670.556 | 457.114.065 | 50,36% | 28,16 | 104,72% | |
| 2.5 | Трошоци за вработените | 320.000.000 | 59.529.258 | 72.080.683 | 6,26% | 18,60 | 82,59% | |
| 2.6 | Расходи за камати и негативни курсни разлики (финансиски расходи) | 2.030.000.000 | 4.059.862 | 1.104.483.963 | 0,43% | 0,20 | 0,37% | |
| 2.7 | Вредносно усогласување на нетековни средства | | | | | | | |
| 3 | **Финансиски резултат (добивка/загуба)** | **2.460.200.000** | **2.021.939.039** | **420.972.331** | | | | |
| 4 | **Вкупни неизмирени обврски** | | 1.425.426.214 | 618.814.450 | | | | |
| 5 | **Вкупни ненаплатени побарувања** | | 33.597.854 | 32.053.309 | | | | |
| 6 | **Состојба на жиро сметки (денарски и девизни)** | | 1.442.292.454 | 2.203.365.520 | | | | |
| 7 | **Вкупен број на вработени лица** | | 483 | 465 | | | | |
| | Број на лица вработени на неопределено време во претпријатието/друштвото | | 367 | 331 | | | | |
| | Број на лица вработени на определено време во претпријатието/друштвото | | | 134 | | | | |
| | Број на привремено вработени лица во претпријатието/друштвото | | 116 | | | | | |
| 8 | **Износ на просечно исплатена нето плата во претпријатието** | | 31.719 | 31.428 | | | | |

## III. ОСТВАРЕНИ ПРИХОДИ

Планираните приходи на ЈПДП за 2020 година произлегуваат од изворите на средства за финансирање на основната дејност на претпријатието утврдени согласно Законот за јавните патишта и тоа:

1) дел од акцизата од нафтени деривати;
2) надоместок за употреба на јавните патишта за моторни и приклучни возила (патна такса);
3) надоместок за употреба на јавен пат, негов дел или објект на патот (патарина);
4) надоместок за :

   а) поставување натписи и рекламни табли во заштитниот појас на државните патишта,

   б) приклучување на пристапен пат на државен пат,

   в) поставување на инсталации во трупот на патот, во патниот и заштитниот појас на државен пат,

   г) изградба и користење на комерцијални објекти на кои е дозволен пристап на државен пат надвор од населено место,

   д) прекумерно користење на пат,

   ѓ) вонреден превоз и

   е) штета сторена на патот и објектите на патот,
5) средства од Буџетот на Република Северна Македонија;
6) заеми и кредити и
7) други приходи.

Висината на средствата од точка 1 се утврдува со Одлука на Владата на Република Северна Македонија и таа не може да биде помала од 20% од вкупниот приход остварен врз основа на акциза од нафтени деривати.

Во периодот јули - септември 2020 година ЈП за државни патишта ги има остварено следниве приходи:

1. **Приход остварен од делот од акцизата од нафтени деривати**, во третиот квартал од 2020 година изнесува 838.388.980 денари, односно 27,04% од планираните за 2020 година, односно во споредба со истиот период од минатата година, приходот остварен по овој основ е помал за 6,47% или за 57.977.867 денари. Согласно Законот за јавните патишта овие средства се трансферираат од Буџетот на Република Северна Македонија на сметка на Јавното претпријатие најмалку четири пати годишно, во интервали од најмалку три календарски месеци.

2. **Приход остварен од надоместокот за употреба на јавен пат, негов дел или објект на патот (патарина)** во износ од 600.672.725 денари, односно 20,02% од вкупно планираниот приход по оваа основа за 2020 година. Во споредба со истиот период од 2019 година, приходот врз оваа основа е помал за 31,00%, односно за 269.845.403 денари. Висината на тој надоместок е определена во зависност од должината на делницата на која се наплаќа надоместокот и од категоријата на возилата во согласност со Одлука донесена од Владата на Република Северна Македонија за висината и начинот на наплата на надоместокот за употреба на пат (патарина), бр.45 -3763/1 од 03 јуни 2019 година ("Службен весник на Република Северна Македонија" бр.118/2019 од 11.06.2019).

3. **Приход остварен од надоместокот за употреба на јавните патишта за моторни и приклучни возила (патна такса)** што се плаќа при **регистрација на возилата**, во износ од 490.577.106 денари, што е 29,73% од планираниот приход по таа основа за 2020 година. Во споредба со истиот период од минатата година, приходот врз оваа основа е поголем за 2,35% или за 11.249.365 денари. Остварувањето на овој приход е врз основа на примена на Одлуката на Владата на РМ бр.19-4732/1 од 22 септември 2009 година за висината и начинот на плаќање на надоместокот за употреба на јавните патишта за моторните и приклучните возила (патна такса) и Одлука за изменување на Одлуката за висината и начинот на плаќање на надоместокот за употреба на јавните патишта за моторните и приклучните возила (патна такса) ("Службен весник на Република Македонија" бр.103/2014). Според Одлуката, имателите на моторните и приклучните возила, надоместокот го плаќаат при регистрација на возилата годишно а во зависност од влијанието на возилото врз оштетувањето на патот

4. **Други приходи на ЈП за државни патишта согласно Законот за јавни патишта** изнесуваат 15.731.339 денари. Овие приходи се остваруваат врз основа на надоместоци што се плаќаат на магистралните и регионалните патишта, согласно „Одлуката за висината на надоместокот за поставување на натписи и рекламни табли во заштитниот појас на државен пат, приклучување на пристапен пат на државен пат, поставување на инсталации во трупот на патот и патниот појас на државен пат, изградба и користење на комерцијални објекти на кој е дозволен пристап на јавен пат надвор од населено место, за прекумерно користење на државен пат, за вонреден превоз и за штета на државен пат и на објектите на патот", како и други приходи, како и пресметани приходи од побарувања по основ на судски предмети.

5. **Приходи** од пресметани и наплатени камати во износ од 13.362.887 денари, пресметани позитивни курсни разлики 1.013.734.237 денари или вкупно приходи по двата основи 1.027.097.124 денари.

## IV. ОСТВАРЕНИ РАСХОДИ

Во периодот јули - септември 2020 година направени се расходи по следниве позиции:

1. **Трошоци за суровини и материјали и електрична енергија________20.334.968** денари:
   - трошоци за канцелариски материјали------------------ 455.550 денари
   - трошоци за средства за хигиена и чистење------------ 150.688 денари
   - работни и заштитни униформи-------------------------- 3.659.106 денари
   - трошоци за ролни за фискални каси на наплатни станици------- 739.254 денари
   - трошоци за електрична енергија, гориво и др. трошоци за енергија-- 15.329.580 денари
   - трошоци за ситен инвентар-------------------------------------------------------- 790 денари

2. **Услуги со карактер на материјални трошоци__________________223.359.193** денари:
   - трошоци за ПТТ услуги, мобилна телефонија, интернет------ 4.944.319 денари
   - трошоци за одржување патишта (Македонијапат)------------- 145.975.253 денари
   - трошоци за одржување на опрема и згради, одржување на софтвер, одржување хигиена на наплатни станици и други трошоци--- 5.375.688 денари
   - режиски трошоци (вода, собирање смет по наплатни, парно, водостопанство)-------- 2.010.715 денари
   - трошоци за огласи------------------------------------------------------- 139.469 денари
   - трошоци за надзор над одржување на државни патишта--------- 27.064.848 денари
   - трошоци за провизија за здруженија за технички преглед---- 22.142.442 денари
   - други трошоци за услуги и услуги за привремено вработени--- 15.666.118 денари
   - трошоци за регистрација на службени возила--------------- 22.043 денари
   - трошоци за весници и списанија и др.---------------------------------- 18.298 денари

3. **Останати трошоци од работењето____________________________ 164.574.398** денари:
   - надоместоци за членови на УО и НО---------------------------------------- 687.992 денари
   - трошоци за репрезентација (вода наплатни станици и др.) ---------- 138.736 денари
   - трошоци за осигурување------------------------------------------------------------ 9.411 денари
   - трошоци за банкарски провизии-------------------------------------------- 6.316.130 денари
   - останати трошоци (административни, судски, нотарски такси)----- 88.500 денари
   - трансфери кон ЕЛС за одржување локални патишта и улици------- 72.568.216 денари
   - исплати по основ на договори за вработени во проектна единица-- 410.292 денари
   - трошоци за вештачења, адвокатски услуги, трошоци по судски решенија------------------------------------------------------------------ 84.355.121 денари

4. **Пресметан трошок за амортизација___________________________478.670.556 денари**

5. **Трошоци за вработените___________________________________ 59.529.258 денари:**
   - Трошоци за бруто плати------------------------------------------------------------ 54.110.496 денари
   - Трошоци за превоз на инкасанти, обуки и други------------------------------ 4.956.791 денари
   - Трошоци за солидарна помош и отпремнини за пензија за вработени-- 461.971 денари

6. **Расходи за камати и пресметани негативни курсни разлики (финансиски расходи)____________________________________ 4.059.862 денари:**

- негативни курсни разлики------------------------------------------------- 4.059.113 денари
- камати---------------------------------------------------------------------------------- 749 денари

1.Трошоците за суровини, материјали и електрична енергија се поголеми во однос на истиот период минатата година поради тоа што во овој квартал пристигнати и платени се фактури за електрична енергија од претходниот квартал и трошоци направени за приклучоци кон дистрибутивната мрежа за осветлување на клучки и раскрсници на државните патишта.

2.Услуги со карактер на материјални трошоци во извештајниот период се поголеми во споредба со истиот период од минатата година поради поголем исплатени средства по пристигнати ситуации за извршени работи од ЈП за одржување и заштита на магистралните и регионалните патишта Скопје.

3.Останати трошоци од работењето во извештајниот период се поголеми во споредба со истиот период од минатата година поради поголем износ за исплата кон Единиците за локална самоуправа и трошоци за спорот со Рубау за патот Градско – Прилеп.

4.Пресметаниот трошок за амортизација во третиот квартал од 2020 година изнесува 478.670.556 денари.

5.Трошоците за вработените во извештајниот период реализирани се 59.529.258 денари.

6.Расходи за камати и пресметани негативни курсни разлики во извештајниот период изнесуват 4.059.862 денари. **Напомена**: Пресметаните позитивни и негативни курсни разлики произлегуваат од користењето и отплатата на странски кредити, односно од кредитната задолженост на ЈП за државни патишта.

| | V.БИЛАНС НА СОСТОЈБА | Остварено III квартал 2020 | Остварено III квартал 2019 | Споредбена анализа оств.тек.год./оств.претх.год(%) | Структурна анализа тековна година (%) |
|---|---|---|---|---|---|
| | **АКТИВА** | | | | |
| 1 | Парични средства | 1.442.293 | 2.203.366 | 65,46% | 1,36% |
| 2 | Побарувања краткорочни | 366.951 | 411.688 | 89,13% | 0,35% |
| 3 | Залихи | 1.464 | 1.455 | 100,62% | 0,00% |
| 4 | Краткорочни финансиски средства | | | | |
| 5 | Други тековни средства (АВР) | | 13.510 | 0,00% | 0,00% |
| 6 | **Тековна актива (1+2+3+4+5)** | **1.810.708** | **2.616.509** | **69,20%** | **1,71%** |
| 7 | **Материјални средства и вложувања во недвижност** | **104.032.329** | **97.482.381** | **106,72%** | **98,23%** |
| 8 | Долгорочни фин. вложувања (долгорочни побарувања) | 49.077 | 62.895 | 78,03% | 0,05% |
| 9 | **Нематеријални средства** | **10.678** | **17.950** | **59,49%** | **0,01%** |
| 10 | Долгорочни финансиски средства | | | | |
| 11 | Други средства | | | | |
| 12 | **Вкупна актива (6+7+8+9+10+11)** | **105.902.792** | **100.193.245** | **105,70%** | **100,00%** |
| 13 | Вонбилансна актива | | | | |

**ПАСИВА (Обврски и Акционерски капитал)**

| | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|
| 14 | Краткорочни обврски | 3.226.684 | 2.184.842 | 147,69% | 3,05% |
| 15 | Одложено плаќање на трошоци и приходи (ПВР) | 2.138.155 | 2.255.543 | 94,80% | 2,02% |
| 16 | **Тековни обврски (14+15)** | **3.226.684** | **2.184.842** | **147,69%** | **3,05%** |
| 17 | Долгорочни обврски | 42.131.982 | 41.572.471 | 101,35% | 39,78% |
| 18 | Други долгорочни обврски и резервирања за ризици и трошоци | 152.806 | 136.652 | 111,82% | 0,14% |
| 19 | **Нетековни средства (17+18)** | **42.284.788** | **41.709.123** | **101,38%** | **39,93%** |
| 20 | **Обврски (16+19)** | **45.511.472** | **43.893.965** | **103,69%** | **42,97%** |
| 21 | Капитал | 5.000 | 5.000 | 100,00% | 0,00% |
| 22 | Акумулирана добивка | 40.128.314 | 34.949.434 | 114,82% | 37,89% |
| 23 | Резерви | 2.499.258 | 7.678.138 | 32,55% | 2,36% |
| 24 | Ревализациони резерви | 9.796.453 | 9.796.453 | 100,00% | 9,25% |
| 25 | Добивка/Загуба деловна година | 5.824.140 | 1.614.712 | 360,69% | 5,50% |
| 26 | **Вкупен капитал (21+22+23+24+25)** | **58.253.165** | **54.043.737** | **107,79%** | **55,01%** |
| 27 | **Вк. обврски и капитал (20+26) Пасива** | **105.902.792** | **100.193.245** | **105,70%** | **100,00%** |
| 28 | Вонбилансна пасива | | | | |

## VI. Табела БИЛАНС НА УСПЕХ трет квартал 2020 година

во илјада денари (000)

| Poz | Опис | План III квартал 2020 | Остварено III квартал 2020 | Оставрено III квартал 2019 | Споредба остварено тековна година/оств. претх. год | Споредба остварено тековна година/планирано | Структурна анализа тековна година |
|---|---|---|---|---|---|---|---|
| 1 | **Приходи од дејноста** | | | | | | |
| 2 | Акциза | 775.000 | 838.389 | 896.367 | 93,53% | 108,18% | 43,10% |
| 3 | Патарина | 750.000 | 600.673 | 870.518 | 69,00% | 80,09% | 30,88% |
| 4 | Регистрација (патна такса) | 412.500 | 490.577 | 479.328 | 102,35% | 118,93% | 25,22% |
| 5 | Други приходи | 10.750 | 15.731 | 8.397 | 187,34% | 146,33% | 0,81% |
| 6 | Вкупно приходи од дејноста | 1.948.250 | 1.945.370 | 2.254.610 | 86,28% | 99,85% | 100,00% |
| 7 | Финансиски приходи | | | | | | |
| 8 | Камати | 7.750 | 13.363 | 27.553 | 48,50% | 172,43% | 1,30% |
| 9 | Позитивни курсни разлики | 95.000 | 1.013.734 | 15.424 | 6572,45% | 1067,09% | 98,70% |
| 10 | Вкупно Финансиски приходи | 102.750 | 1.027.097 | 42.977 | 2389,88% | 999,61% | 100,00% |
| 11 | **Вкупно приходи** | **2.051.000** | **2.972.467** | **2.297.587** | 129,37% | **144,93%** | **100,00%** |
| | | | | | | | |
| 12 | **Расходи од дејноста** | | | | | | |
| 13 | Трошоци за материјали и сл. | 17.250 | 20.335 | 16.674 | 121,96% | 117,88% | 4,35% |
| 14 | Трошоци за услуги со карактер на материјални трошоци | 316.200 | 223.359 | 195.290 | 114,37% | 70,64% | 47,75% |
| 15 | Трошоци за плата и надоместоци | 80.000 | 59.529 | 72.081 | 82,59% | 74,41% | 12,73% |
| 16 | Останати трошоци од работењето | 90.000 | 164.574 | 30.972 | 531,36% | 182,86% | 35,18% |
| 17 | Вкупно Расходи од дејноста | 503.450 | 467.797 | 315.017 | 148,50% | 92,92% | 100,00% |
| 18 | Камати | 82.500 | | | #DIV/0! | 0,00% | 0,00% |
| 19 | Амортизација | 425.000 | 478.671 | 457.114 | 104,72% | 112,63% | 99,16% |
| 20 | Негативни курсни разлики | 425.000 | 4.059 | 1.104.484 | 0,37% | 0,96% | 0,84% |
| 21 | Вкупно останати расходи | 932.500 | 482.730 | 1.561.598 | 30,91% | 51,77% | 100,00% |
| 22 | Вредносно усогласување на нетековни средства | | | | | | |
| 23 | **Вкупно расходи** | **1.435.950** | **950.527** | **1.876.615** | 50,65% | **66,19%** | **100,00%** |
| | | | | | | | |
| 24 | Финансиски резултат | 615.050 | 2.021.940 | 420.972 | 480,30% | 328,74% | |
| 25 | Данок на добивка | | | | | | |
| 26 | Нето Финансиски резултат | 615.050 | 2.021.940 | 420.972 | | | |

во илјада денари (000)

# VII.ТАБЕЛА СПЕЦИФИЦИРАНИ ПРИХОДИ III КВАРТАЛ 2020

| | **3. Специфицирани приходи** | **Планирано III квартал 2020 година** | **Остварено III квартал од 2020 година** | **Остварено III квартал 2019 година** | **Споредбена анализа оств. тек. година/ оств. претх. Год. (%)** | **Споредбена анализа оств. тек. година / план. тек. год (%)** | **Структурна Анализа Тековна година (%)** |
|---|---|---|---|---|---|---|---|
| | **Приходи од дејноста** | | | | | | |
| 1 | Дел од акциза од нафтени деривати | 775.000 | 838.389 | 896.367 | 93,53% | 108,18% | 43,10% |
| 2 | Патарина | 750.000 | 600.673 | 870.518 | 69,00% | 80,09% | 30,88% |
| 3 | Регистрација (патна такса) | 412.500 | 490.577 | 479.328 | 102,35% | 118,93% | 25,22% |
| 4 | Други приходи | 10.750 | 15.731 | 8.397 | 187,34% | 146,33% | 0,81% |
| 5 | **Вкупни оперативни приходи (1+2+3+4)** | **1.948.250** | **1.945.370** | **2.254.610** | **86,28%** | **99,85%** | **100,00%** |
| | **Останати приходи** | | | | | | |
| 6 | Приходи од камати | 7.750 | 13.363 | 27.553 | 48,50% | 172,43% | 1,30% |
| 7 | Приходи од позитивни курсни разлики | 95.000 | 1.013.734 | 15.424 | 6572,45% | 1067,09% | 98,70% |
| 8 | **Вкупно останати приходи (6+7)** | **102.750** | **1.027.097** | **42.977** | **2389,88%** | **999,61%** | **100,00%** |
| 9 | **Вкупно приходи (5+8)** | **2.051.000** | **2.972.467** | **2.297.587** | **129,37%** | **144,93%** | |

во илјада денари (000)

# VIII. ТАБЕЛА СПЕЦИФИЦИРАНИ РАСХОДИ III КВАРТАЛ 2020

| | 4. Специфицирани расходи | Планирано за III квартал 2020 година | Остварено за III квартал од 2020 година | Остварено за III квартал 2019 година | Споредбена анализа оств. тек. година/ оств. претх. Год. (%) | Споредбена анализа оств. тек. година / план. тек. год (%) | Структурна Анализа Тековна година (%) |
|---|---|---|---|---|---|---|---|
| | **Расходи од дејноста** | | | | | | |
| 1 | Трошоци за суровини и материјали | 17.250 | 20.335 | 16.674 | 121,96% | 117,88% | 2,15% |
| 2 | Услуги со карактер на материјални трошоци | 316.200 | 223.359 | 195.290 | 114,37% | 70,64% | 23,60% |
| 3 | Останати трошоци од дејноста | 90.000 | 164.574 | 30.972 | 531,36% | 182,86% | 17,39% |
| 4 | Трошоци за вработени | 80.000 | 59.529 | 72.080 | 82,59% | 74,41% | 6,29% |
| 5 | Амортизација | 425.000 | 478.671 | 457.114 | 104,72% | 112,63% | 50,57% |
| 6 | **Вкупни оперативни расходи (1+2+3+4+5)** | **928.450** | **946.468** | **772.130** | **122,58%** | **101,94%** | **100,00%** |
| | **Останати расходи** | | | | | | |
| 7 | Расходи по основ на камати | 82.500 | | | #DIV/0! | 0,00% | 0,00% |
| 8 | Расходи по основ на курсни разлики | 425.000 | 4.059 | 1.104.484 | 0,37% | 0,96% | 0,43% |
| 9 | **Вкупно останати расходи (7+8)** | **507.500** | **4.059** | **1.104.484** | 0,37% | 0,80% | 0,43% |
| 10 | Вредносно усогласување на нетековни средства | | | | | | |
| 11 | **Вкупно расходи (6+9)** | **1.435.950** | **950.527** | **1.876.614** | **50,65%** | **66,19%** | **100,00%** |
| 1 | Трошоци за плати и придонеси | | 54.110 | 67.017 | | | |
| 2 | Просечен број на вработени | | 483 | 465 | | | |

## IX Извештај за реализирани Инвестициона програма во III квартал 2020 година:

| Инвестициона програма | Програма 2020 година | Реализација VII-IX-2020 | Реализација VII-IX-2019 | Споредба VII-IX 2020 /VII-IX-2019 | Реализација VII-IX 2020/програма 2020 | Структура на одделни во вк. реализирани инвестиции во периодот VII-IX 2020 |
|---|---|---|---|---|---|---|
| **Вкупно инвестиции** | **12.012.500.000** | **2.355.865.206** | **3.479.514.876** | **60,71** | **19,61%** | **100,00%** |
| **1) Инвестиции од сопствени средства** | **2.882.200.000** | **950.582.666** | **913.287.412** | **104,08** | **32,98%** | **40,35%** |
| * Градба, рехабилитација, осветлување, сигнализација, мостови, тунели, свлечишта и сопствено учество во инвестиции од странски кредити | 1.676.200.000 | 572.586.119 | 532.656.678 | 107,50 | 34,16% | 24,30% |
| *Инвестиционо одржување на патишта (Македонија пат) | 700.000.000 | 186.757.569 | 211.391.508 | 88,35 | 26,68% | 7,93% |
| *Надомест за одземен имот - експропријација | 200.000.000 | 60.492.906 | 68.491.980 | 88,32 | 30,25% | 2,57% |
| *Расходи за инфраструктурни проекти и надзор | 300.000.000 | 129.483.870 | 95.426.119 | 135,69 | 43,16% | 5,50% |
| *Опрема | 6.000.000 | 1.262.202 | 5.321.127 | 23,72 | 21,04% | 0,05% |
| **2) Инвестиции од странски кредити** | **9.130.300.000** | **1.405.282.540** | **2.566.227.464** | **54,76** | **15,39%** | **59,65%** |



Графички приказ на инвестициите од сопствени средства




1. **За инвестиции од сопствени средства** во извештајниот период беа реализирани 950.582.666 денари и тоа:

- Средствата во износ од 572.586.119 денари реализирани се за ситуации за рехабилитација на државни и регионални патишта и тоа: докомплетирање на автопатот Миладиновци-Штип, Ропалце-Матејче-Липково, Старо Коњарево - Ново Коњарево, Пелинце – ГП Пелинце, Смоквица – Удово, Прилеп – Тополчани – Битола, врска Р1103 (Возарци) – Раец – Фариш, рехабилитација делница Манастир Свети Јован крстител, Струга-Дрслајца-Бицево-Долно Татеши - Мислодежда, Раброво – ГП Дојран, Мушов гроб – Мрежичко, Мислодежда – Збажди, Крушево – Слива – Пуста река, поправка и рехабилитација на А3 транзитен дел низ Охрид, заштитна ограда на обиколница Битола, Кочани – Пониква, Сопиште – Долно Соње, граничен премин Блаце – Скопје (клучка Стенковец), Струмица – Берово и Струмица Ново Село, Крушево – Слива -Пуста река потоа санација на свлечишта, рехабилитација и изградба на мостови, осветлување на клучки и раскрсници. Исто така реализирани се средства за сопствено учество во инвестиции од странските кредити и тоа за исплатата на ДДВ по ситуации за проекти финансирани од кредити од ЕБОР за проектот електронска патрина.
- За инвестициско одржување на државните патишта во третиот квартал од 2020 година потрошени се средства во износ од 186.757.569 денари согласно Договорот и Програмата за одржување на државните патишта со ЈП за одржување и заштита на магистралните и регионалните патишта Скопје

- За надомест за одземен имот, односно експропријација беа потрошени 60.492.906 денари.

- За реализација на ставката расходи за инфраструктурни проекти и надзор во третиот квартал од годината потрошени се 129.483.870 денари, и тоа за надзор над изградбата и одржувањето на патиштата потрошени се 67.546.024 денари и тоа за надзор над градби финансирани од меѓународни кредити, како и надзор над изградбата на проектите финансирани од сопствени средства за кои ЈП за државни патишта има склучено договори. За изработка или дополнување на инфраструктурни проекти во извештајниот период реализирани се 61.937.846 денари.

-За набавка на опрема и софтвер потрошени се 1.262.202 денари.

Графички приказ на инвестициите од странски кредити




2. **За инвестиции од странски кредити**, беа реализирани вкупно 1.405.282.540 денари и тоа:

- За реализација на Проектот за електронска наплата на патарини, Програма за градба на национални патишта и Проектот за градба на делница Штип – Радовиш, финансирани од **ЕБОР** потрошени се 838.196.430 денари;
- За реализација на Проектот за унапредување и развој на патиштата (Ранковце – Крива Паланка) финансирани од кредит од **Светска Банка** потрошени се 115.806.709 денари.
- за реализација на Проектот за изградба на делница Кичево – Охрид финансиран од **Ексим банка** потрошени се 446.888.568 денари.

Директор

Зоран Китанов